Република Северна Македонија
Државен инспекторат за
животна средина
Бр. 04-154/1
31.01.2022 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Бр. 04-154/1
31.01.2022 год.
С к о п ј е

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011, бр. 96/2019 и 110/2019), член 43 став 1 од Законот за вработување во јавен сектор( "Службен весникна Република Македонија " бр. 29/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019 и 14/2020), членовите 10, 85, 86 и 87 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020) и член 10 од Правилникот за систематизација на работни места на Државен инспекторат за животна средина бр.01-802/8 од 10.12.2019 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за животна средина со архивски бр.01-1206/4 од 10.12.2020 година и бр.01-317/1 од 04.03.2021 година, В.Д Директорот на Државниот инспекторат за животна средина го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за распоредување

1. Административниот државен службеник Билјана Шуркова - Манаскова распоредена на работно место Советник - Инспектор за инспекциски надзор на животната средина - Вардарски и Југоисточен регион лоцирана во Велес – инспектор (В1 ниво) со шифра ИНС 01 01 В01 001, во Подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина во Вардарски и Југоисточен регион со седиште во Струмица, Сектор за инспекциски надзор во животна средина и природата, во Државниот Инспекторат за животната средина со звање Советник Инспектор за инспекциски надзор во животната средина во Подрачно одделението за инспекциски надзор во животната средина во Вардарски и Југоисточен регион - Струмица.
2. Распоредувањето на вработената ќе се смета од 01.02.2022 година.
3. Пресметувањето и исплата на платата на вработената ќе биде утврдено со посебно решение.
4. По потреба на органот, поради зголемен обем на работа именованата може да добие овластување за преземање на дополнителни работни обврски во вршењето на инспекцискиот надзор.

## Образложение

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010,

51/2011, бр. 96/2019 и 110/2019), член 43 став 1 од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019 и 14/2020), членовите 10, 85, 86 и 87 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019 и 14/2020) и член 5 од Правилникот за систематизација на работни места на Државен инспекторат за животна средина бр.01-802/8 од 10.12.2019 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за животна средина со архивски бр.01-1206/4 од 10.12.2020 година и бр.01-317/1 од 04.03.2021 година, утврдено е работно место од точка 1 на ова решение на кое е распореден административниот службеник. Согласно на член 43 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, вработениот во јавниот сектор, на негово барање или по потреба на институцијата, може да биде трајно распределен на друго работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација, за што раководнот лице на институцијата носи решение за негово распоредување во институцијата.

Тргнувајки од фактот што за наведеното работно место административниот службеник ги исполнува општите услови предвидени во член 26 од Законот за административни службеници и посебните услови предвидени во член 10 од Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за животна средина, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука** : Против ова Решение може да се изјави приговор до Агенцијата за администрација, Комисија за решавање во втор степен по жалби и приговори на административни службеници во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на ова решение.

Доставено до

- Административниот службеник
- Одделение за финансиски прашања
- Архива

В.Д ДИРЕКТОР

М-р Сретен СТОЈКОВСКИ

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR Shkup